Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 14.11.2014 година донесе

**ПРОГРАМА**
**За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2015 година**

I.ЦЕЛИ
Основни цели на оваа Програма се:
-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието,
-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,
-Планирање на развојот на образованието,
-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,
-Создавање услови за развој на високото образование.
II.АКТИВНОСТИ
Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2015 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:
- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.
-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно-хендикипирани лица.
-Зголемување на можностите за отварање на дисперзирани студии за високо образование
-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.
III.ФИНАНСИРАЊЕ
Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерство за образование и наука, од донации и од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2015 година.
При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.
IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ
Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:
-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,
-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,
-создавање услови за отварање дисперзирани студии за високо образование,
-зголемување на можностите за професионална ориентација,
-истражување поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците,
-анализа на податоците на ученици кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.
V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

| ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Минис за образов. | Сопствени приходи | Општина Кр. Паланка | Др.изво.и донац. | Вкуп |
| 1. | Манифес. Организ. од основ. и сред. учи | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лиш- разни поводи | | | | | | | |
| 2. | Организ.посета на културно-историски настани во градот | тековно | училишта | | | 20.000 | | 20.0 |
| 3. | Поддршка на талентир.ученици за учество на држав и меѓун натпревари | тековно | Општина Крива Паланка и училишта | | | 20.000 | | 20.0 |
| 4. | Стипендии за талентирани ученици и студенти | септември | Општина Крива Паланка | | | 648.000 | | 648 |
| 5. | Учество-општин. во партнерски проекти | тековно | Општина Кр. Палан | | | 50.000 | | 50.0 |
| 6. | Реконструкција и уредување на отворени спортски терени и дворни места во училишта | По утврдени приоритети | Општина Крива Паланка | | | 70.000 | | 70.0 |
| 7. | Осигурување на училишни објекти | | Општина Кр.Палан. | | | 100.000 | | 100 |
| 8. | Обезбедување на училишни објекти | | Општина Кр.Паланк | | | 1.781 800 | | 1.78 |
| | **СЕ ВКУПНО** | | | | | **2.709.800** | | **2.70** |

**Бр.07-2823/43**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р.Борче Стојчевски**